РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-77
17-03- 2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-554/1 од 12.02.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-999/5 од 17.03.2021 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) телевизија ИРИС ДОО Штип, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон на начин што на телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма, односно за заштита на малолетните лица, и покрај тоа што за истата повреда од Законот и Правилникот, наведениот радиодифузер јавно е опоменат со Решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-332 од 28.09.2020 г.) и му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот и Правилникот, а со контролниот програмски надзор извршен на 11-ти февруари 2021 година врз телевизискиот програмски сервис на истиот радиодифузер, емитуван на 26-ти јануари 2021 година, на регионално ниво, е констатирано дека делумно постапил по цитираното Решение за изрекување мерка – јавна опомена односно продолжил со вршење на повредата од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на начин што следните играни програми пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица, и тоа:

- „Наследничка"-серијал, емитуван во периодот од 00:49:26 часот до 01:33:01 часот;
- „Џордан"-серијал, емитуван во периодот од 01:33:08 часот до 02:14:49 часот;
- „Сите добиваат"-филм, емитуван во периодот од 02:14:55 часот до 03:47:55 часот;

- „Кираџиката“ – филм, емитуван во периодот од 03:47:57 часот до 05:18:08 часот;
- „Бонанза“ – серија, емитувана во периодот од 14:08:13 часот до 14:57:46 часот; „Џордан“-серијал, емитуван во периодот од 14:59:36 часот до 15:41:34 часот; „Наследничка“-серијал, емитуван во периодот од 15:43:03 часот до 16:26:44 часот;
- „Локален херој“ – филм, емитуван во периодот од 20:22:30 часот до 21:46:32 часот;
- „Бонанза-Непознатиот“ – серија, емитувана во периодот од 22:10:40 часот до 23:00:12 часот; и
- „Љубовен роман“ – филм, емитуван во периодот од 23:23:38 часот до 23:59:59 часот,

што е спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-554/1 од 12.02.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. Имајќи предвид дека Решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-332 од 28.09.2020 г.) е донесено во 2020 година, а согласно Писмениот извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-554/1 од 12.02.2021 година прекршувањето од точка 1. на ова Решение е сторено на 26 јануари 2021 година, на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, МУ СЕ НАЛОЖУВА во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски (АААВМУ), врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Советот на Агенцијата презема мерка – поведување прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во рок утврден од страна на Советот на Агенцијата согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 23 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ). Согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, за констатираните прекршувања во тековната година за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година.

Во рамките на своите законски надлежности, АААВМУ преку Секторот за програмски работи, на 11-ти февруари 2021 година, изврши контролен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван на 26-ти јануари 2021 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, врз основа на надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма, односно за заштита на малолетните лица, и покрај тоа што за истата повреда од Законот и Правилникот, наведениот радиодифузер јавно е опоменат со Решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-332 од 28.09.2020 г.) и му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот и Правилникот, а со контролниот програмски надзор извршен на 11-ти февруари 2021 година врз телевизискиот програмски сервис на истиот радиодифузер, емитуван на 26-ти јануари 2021 година, на регионално ниво, е констатирано дека делумно постапил по цитираното Решение за изрекување мерка – јавна опомена односно продолжил со вршење на повредата од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на начин што следните играни програми пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица, и тоа: „Наследничка"-серијал, емитуван во периодот од 00:49:26 часот до 01:33:01 часот; „Џордан"-серијал, емитуван во периодот од 01:33:08 часот до 02:14:49 часот; „Сите добиваат"-филм, емитуван во периодот од 02:14:55 часот до 03:47:55 часот; „Кираџиката" – филм, емитуван во периодот од 03:47:57 часот до 05:18:08 часот; „Бонанза" – серија, емитувана во периодот од 14:08:13 часот до 14:57:46 часот; „Џордан"-серијал, емитуван во периодот од 14:59:36 часот до 15:41:34 часот; „Наследничка"-серијал, емитуван во периодот од 15:43:03 часот до 16:26:44 часот; „Локален херој" – филм, емитуван во периодот од 20:22:30 часот до 21:46:32 часот; „Бонанза-Непознатиот" – серија, емитувана во периодот од 22:10:40 часот до 23:00:12 часот; и „Љубовен роман" – филм, емитуван во периодот од 23:23:38 часот до 23:59:59 часот, што е спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по датум на емитување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-554/1 од 12.02.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип на 12.02.2021 година, испрати Допис (наш арх.бр.03-77 од 12.02.2021 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-554/1 од 12.02.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот арх.бр.02-320/4 од 24.01.2020 година, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-554/1 од 12.02.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-999/5 од 17.03.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-554/1 од 12.02.2021 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: | 12.02.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| 10 | 554 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
3. **Период опфатен со надзорот:** 26 јануари 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 февруари 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 28.09.2020 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 17 и членот 19 од Правилникот за заштита на малолетите лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-332 од 28.09.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (23.12.2020 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, емитуван на 26 јануари 2021 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој)* **и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица** *(предупредувачката сигнализација за категоријата програма*

*задолжително се апплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси за сите видови играна програма и за оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица)*, <u>односно дека радиодифузерот делумно постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена</u>.

Имено, продолжил со вршење на повредата од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, со тоа што пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма (види табела бр.1).

Табела бр.1

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Наследничка" – серијал | 00:49:26 | 01:33:01 |
| „Џордан" – серијал | 01:33:08 | 02:14:49 |
| „Сите добиваат" – филм | 02:14:55 | 03:47:55 |
| „Кираџиката" – филм | 03:47:57 | 05:18:08 |
| „Бонанза" – серија | 14:08:13 | 14:57:46 |
| „Џордан" – серијал | 14:59:36 | 15:41:34 |
| „Наследничка" – серијал | 15:43:03 | 16:26:44 |
| „Локалек херој" – филм | 20:22:30 | 21:46:32 |
| „Бонанза- Непознатиот"– серија | 22:10:40 | 23:00:12 |
| „Љубовен роман" – филм | 23:23:38 | 23:59:59 |
| <u>Опис на прекршувањето</u><br>Играните програми пред почетокот на емитувањето не беа означени со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, пред почетокот на повеќе играни програми емитувани на 26 јануари 2021 година, не аплицираше предупредувачка сигнализација за категориите програма, односно за заштита на малолетните лица.

9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 28.9.2020 година, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, делумно постапило по изречената мерка, односно продолжи со вршење на повредата од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***